Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и чл. 4 од Упатството за рангирање на предметите за постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата по основ на доставени пријави, постапувајќи по предмет оформен по пријава добиена од познат подносител, на првото продолжение од 51-вата седница одржано на 01.09.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата на /// /// од /// /// - /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-201/1 од 14.01.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека друг орган е надлежен да постапува по наводите од пријавата на подносителот.

Предметот со број 12-201 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-201/1 од 14.01.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// /// од /// /// - /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата подносителот изразува незадоволство од негови блиски роднини, адвокати и овластен геодет за постапка во врска со спроведувањето физичка делба на имот во ///. Наведува дека неговите роднини, адвокатите и овластениот геодет ја

попречувале постапката за спроведување на физичката делба на имотот. Од ДКСК бара да се разгледаат наводите во неговата пријава, а кон истата достави и докази.

По разгледување на наводите во пријавата и доставените докази, ДКСК утврди дека во предметниот случај се работи за имотно – правен спор кој подносителот го води против негови блиски роднини, во врска со физичка делба на имот, кој е наследен во оставинска постапка. Согласно со чл. 30 ст. 2 а. 1 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 58/06 ... 96/19): *"Основните судови со основна надлежност се надлежни да одлучуваат во прв степен по граѓански спорови, и тоа: за спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е до 50.000 евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд.* Оттаму ДКСК констатира дека по наводите во пријавата на подносителот треба да постапува друг орган, ДКСК нема законска надлежност за постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Г. Т., член на ДКСК